# Ветер дува од Солуна




Ветер дува од Солуна, (2 п.)
Царот стана од Стамбула, (2 п.)

Деветстотa осма година, (2 п.)
Дојде време на уриетот. (2 п.)
Шукри паша на стол седе, (2 п.)
На стол седе кафе пие,
Кафе пие збор им зборе;
„Ја слушајте солунчани. (2 п.)

Зберете се на меџлисот,
Дајте имза за меџлисот“.
„Дајте имза за меџлисот,
Да се вратат војводите, (2 п.)
Царот ними ќе им прости.“

Пеел Глигор Маџунков од село Рожден—тиквешко, 1938 година.

---

Меџлис — собрание
Уриет — ден кога слободно слегнале комитите и војводите од планините

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.